[redacted]

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

**Архивски бр:** 15-723/1
**Дата:** 10.06.2021 година

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул. Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**До:** ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СИТЕ ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС Скопје - BNJVL Shkup

| Примено: E pranuar: 24.06.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 0302 | 576 | | |

**ПРЕДМЕТ:** ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Азбестот претставува опасност по животната средина и здравјето на луѓето, односно при пролонгирано инхалирање при неправилно постапување со отпадот од азбест може да предизвика азбестоза, мезотелиом и рак на бели дробови заради своите канцерогени својства.
Како природен минерал кој е составен од меки свиленкасти влакна, најчесто се користел во минатото како материјал за изолација на објектите, во вид на:

- азбестни плочи
- азбестен цемент или производи кои содржат азбестен цемент
- производи на азбестна фракција
- азбестни филтри
- азбестен текстил
- азбестна хартија и картон
- азбестни спојки, пакувања и материјали за арматура
- азбестни прекривки за под
- азбестни кровни плочи итн.

Понатаму отпадот од азбест преставува остаток од производството, преработката и употребата на азбест, како и супстанциите, материјалите и производите што содржат азбест.

Заради тоа потребно е да се преземат сите неопходни мерки за заштита со кои се спречува ослободување на азбестни честици, влакна и азбестен прав во воздухот, како и спречување на излевањето на течности што содржат азбестни влакна. При издавањето на градежни дозволи на локации каде има постоечки стари објекти покриени со горенаведените производи од азбест, од страна на Вашите инспекциски служби да се укаже на инвеститорите и изведувачите дека при рушењето на старите објекти врз основа на Планот за рушење доставен до општините потребно е да се постапува согласно:

- Член 75 (Правила за постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест) од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РМ бр. 68/04...63/16), како и

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

[redacted]

- Правилникот за начинот за постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест со бр. 07-3264/1 од 30 јуни 2006 година.

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул. Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Односно, тоа би значело:

- транспортирањето на отпадот од азбест се врши исклучиво во затворени садови или вреќи, или затворени возила така што во најголема можна мера да се спречи емисија на азбестните влакна во животната средина.
- отпадот од азбест да се собира и отстранува колку што е можно поскоро во соодветно запечатено пакување и обележано на начин кој укажува дека истото содржи азбест
- на депонија отпадот од азбест се отстранува на однапред утврден простор за депонирање на азбест кој мора да биде видливо означен и наменет за депонирање на отпадот од азбест.

Во нашата држава депонирање на ваков вид на отпад исклучиво врши Депонијата Дрисла во Скопје, кои единствено постапуваат со ваков вид на отпад согласно постоечките прописи и мерки.

Ве молиме ИЗВЕСТУВАЊЕТО да го проследите преку вашите комуникациски канали до сите единици на локалната самоуправа.

Со почит,

**В.д Директор на
Државен инспекторат
за животна средина**

**Ана Петровска**